**УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ПРИЈАВА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС ЗА 2021 ГОДИНА**

# 1. ОПИС НА ПРОЕКТОТ

***1.1 Потреба од реализација на проектот***

Содржи анализа на проблемите, целите, релевантните активности и предложениот пристап (стратегија). Во овој дел се врши анализа на проблемот, на кој се однесува проектот и кои се потребите на целната група настанати од проблемот и се преоѓа од општиот кон специфичениот контекст. Општиот контекст (треба да содржи информации за политичкиот, социоекономскиот и социокултурниот контекст, општествената средина, односите меѓу главните актери. Информациите треба да бидат релевантни за проектот).

***1.2. Цели на проектот***

**Општа цел** (Долгорочни промени кон кои проектот придонесува. Ја прикажуваат важноста на проектот за општеството и често соодветствуваат со мисијата на здружението).
**Цел на проектот** (Посебната цел на проектот е промена што треба да се постигне со интервенцијата што е планирана со проектот. Целта соодветствува на причината поради која на корисниците им е потребен проектот, од која тие ќе имаат јасна корист. Целта мора јасно да изрази зошто на корисниците им е потребен проектот).

***1.3. Целна група, целно подрачје и локација***

Дефиниција на целната група - специфичен вид население на определено географско подрачје и нејзин квантитативен и квалитативен опис. Број на корисници, директни и индиректни, и опис на користа за целната група. Целното подрачје е географското подрачје каде што се наоѓа целната група. Локацијата е местото каде што се одвива активноста.

***1.4. Проектни активности***

Опис на активноста/инструментот што се употребува во проектот, нивото и формата. Потребни се доволно детали со сите познати податоци (пример: број на денови за обука, број на обучувачи, тиражи, страници, рубрики за организирање на постапките, за да се добијат планираните продукти и со тоа резултатите на проектот). Описот треба да објасни како ќе се спроведе активноста (пример: објавување огласи, анкетирање, селекција на кандидати, интервјуа, посети на терен, контакти со партнери/доставувачи).

***1.5.Проектни резултати***

Постигнувања што произлегуваат од активностите на проектот. Резултатите заедно водат кон целта на проектот. Може да има повеќе резултати.

***1.6.Одржливост и идни планови***

Во овој дел треба да дадете краток опис како ќе продолжите да ја одржувате реализацијата на проектот, откако ќе заврши финансирањето на проектот, со идни планови за унапредување на истиот. Тоа можат да бидат редовни активности кои ќе ги спроведувате во рамки на работата на здружението или преку реализација на други проекти.

***1.7. Фактори на ризик и алтернативи***

Опис на главните ризици и главните пречки кон успехот. Доколку е можно, потребно е да се наведат мерки за намалување на ризиците и алтернативни (резервни) решенија во случај на проблеми

***1.8 Публицитет / транспарентност и медиумска покриеност***
Опишете на кој начин ќе ги проследите информациите за имплементацијата на проектот, како и постигнатите резултати до медиумите и граѓаните.

***1.9. Временски распоред на проектни активности***
Да се наведе кога ќе се реализира активноста по месеци и одговорното лице.

**2. Буџет**

***2.1. Приходи***
Преглед на добиените и очекуваните приходи.

***2.2. Расходи***
Опис на трошоци по категории и позиции.

Максималниот износ на доделени средства од страна на општина Охрид кои определено здружение на граѓани може да ги искористи како учество во друг меѓународен проект кој би носел бенефит за градот Охрид изнесува до 100.000,00 денари.

За реализација на проекти или програми кои се однесуваат на подобрување на условите за живот на лицата со посебни потреби и проекти од областа на социјалната заштита и намалување на социјалниот ризик, максималниот износ на одобрени средства од страна на општина Охрид изнесува до 150.000,00 денари.

При тоа за исплата на хонорари на проектниот тим, корисникот може да користи само до 30% од вкупно доделената сума.

Оценувањето на поднесените проекти/програми ќе се врши согласно Правилникот за начинот, постапката и критериумите за финансирање на програми и проекти од јавен интерес на Општина Охрид за 2021 година.

Комисијата за спроведување на постапката за доделување на средства за проектите од јавен интерес и одделението за млади и невладини организации го задржуваат правото во секоја фаза од реализацијата на одобрениеот проект да извршат надзор над субјектот кој користи средства од буџетот на општина Охрид.

**УПАТСТВО ЗА ПРЕДЛОГ - БУЏЕТ**

Ве молиме следете го примерот за буџет на проектот наведен во пријавата за да ја прикажете планираната употреба на средствата. Заедно со формуларот за буџетот, Ве молиме доставете и детално **наративно резиме** за Вашиот буџет кое содржи точно и јасно дефинирано оправдување за буџетот. Ова значи дека треба да ја објасните потребата за конкретните расходи и начинот на кој биле направени процените на расходите. Исто така, објаснете како предложениот буџет ја поддржува целта на проектот. Вклучете релевантни детали што ќе им помогнат на оние што ќе го разгледуваат буџетот да го разберат Вашето размислување кога сте го подготвувале.

Ве молиме ставете износи само за оние ставки во формуларот што ги рефлектираат потребите на Вашиот проект, не мора да ги пополните сите ставки во презентираниот формулар.

Ве молиме НЕ НАДМИНУВАЈТЕ ДВЕ СТРАНИЦИ за наративниот дел од буџетот.

**НАПОМЕНА:**

Доколку добиете финансиски средства за Вашиот предлог - проект од Општина Охрид, имате обврска на сите материјали (печатени и електронски) што ќе бидат продуцирани во рамките на тој проект на видно место да стои:

**Поддржано од**
**Општина Охрид**